# ПРВА РАБОТНА СРЕДБА ПОМЕЃУ СОНК И МОН

## ОТВОРЕНИ ПОВЕЌЕ ПРАШАЊА ОД ДЕЈНОСТА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

По иницијатива на раководството на СОНК, на ден 13 – 07-2017 година се оствари работна средба во Министерството за образование инаука, на која од страна на СОНК присуствуваа претседателот на СОНК, Јаким Неделков и генералниот секретар, Весна Неделковска, додека од страна на Министерството за образование и наука, министерот за образование и наука, г- ѓа Рената  Тренеска Десковска.

На работната средба, од страна на СОНК беа отворени повеќе прашања од синдикален аспект, а  во интерес на правата од работен однос и колективните договори на членовите на СОНК од дејноста образование и наука, како и прашања кои би го подобриле воспитно – образовниот процес. Се разговараше и за итната потреба од  склучување на Колективен договор за високо образование и наука.

Особено се обрна внимание на прашањето околу социјалниот дијалог и партнерство и значението на репрезентативноста на нашиот синдикат на сите нивоа и учеството на СОНК во сите сфери на креирање на образовната политика во Република Македонија.

# ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОНК НА 31-03-2016 г

## МТСП НАПРАВИ ГРУБО КРШЕЊЕ НА ДЕЛ ОД ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

## СОНК ОСТРО РЕАГИРА НА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ, ШТО ЗНАЧИ ГРУБО КРШЕЊЕ НА УСТАВОТ И ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ ВО ДЕЛОТ НА СИНДИКАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија свикува Прес-Конференција во врска со непримена на Законот за работни односи, од страна на дел од надлежните од Министерството за труд и социјална политика за упис на нови синдикални организации и промена на податоци – претседатели на синдикални организации на СОНК, кој се води во регистарот на министерството надлежно за работите од областа на трудот.Ви се обраќаме, со цел да укажеме на неприфатливото однесување од страна на одговорни лица во ова Министерство, а во врска со вршење на упис на промена во раководствата во синдикални организации на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија – СОНК.

Имено, во СОНК во текот на минатата година беа извршени редовни избори во раководствата на сите нивоа, што значи во 573 синдикални организации на територијата на целата држава, во 20 регионални одбори и на раководството на национално ниво.

Според законските одредби, за вршење на промени на раководствата на било кое ниво, синдикатот е должен да достави соодветна пропишана документација до МТСП и врз основа на истата, наведеното министерство како законска обврска

треба(ше), по пропишана процедура, истата да ја достави до Централниот регистер на Р.Македонија, за да се изврши упис на промена на истите, во регистарот.

Во 38 синдикални организации на СОНК, за кои СОНК има доставено потребна документација и после повеќе од четири месеци, документацијата стои во МТСП, што значи не е завршена промената во Централниот регистер и толкав број на синдикални организации на СОНК, во кои има од: детски градинки, основни училишта, средни училишта и установите од културата, практично е блокирана нивната активност. Потсетуваме дека со писмо бр. 08-11164/2 потпишано од министерот Фросина Ташевска-Ременски, беше побарано да се доставaт одлуки за сите 38 синдикални организации, а кои во досегашната пракса никогаш не биле побарани за ваква промена.  Такви документи се бараат за регистрација на синдикати, а во нашиот случај станува збор за синдикални организации, а нивниот синдикат е СОНК и има извршена регистрација со потребни документи. Но, и покрај тоа што СОНК преку неговите синдикални организации ги достави бараните документи од неразбирливи причини и понатаму состојбата не е променета во врска со овој проблем.

До денешниот ден проблемот не е решен. Напротив, и по последната средба со претставници од МТСП ни беше кажано дека целокупната документација на СОНК е загубена.

Ваквото однесување на дел од одговорните во МТСП го оценуваме единствено како грубо кршење на темелните принципи на правото на синдикално организирање, загарантирано со Уставот и ЗРО и секако приземен начин на притисок врз најголемиот синдикат во Република Македонија.

Инаку, во последниве неколку месеци, според податоците од Централниот регистер без никакви проблеми се регистрирани десетина синдикални организации од други синдикати. Очигледно е дека МТСП има селективен пристап за синдикални организации кои можат да се процесуираат и регистрираат.

СОНК цени дека со ваквиот однос на ресорното министерство му се попречува синдикалното организирање и дејствување, што е казниво по Кривичниот законик, и доколку под итно не се надмине овој проблем ќе бидеме приморани да побараме одговорност кон оние кои го кршат Законот и ќе бараме соодветна отштета.

Доколку не се дојде до разрешување на овој проблем, најавуваме дека СОНК ќе преземе и други легални и легитимни средства, вклучително и писмено известување на Интернационалата за образование и Европската конфедерација за образование, во кои СОНК е редовен член повеќе од 15 години, како и МОТ која е надлежна организација  за синдикалното организирање,  и секако други надлежни органи во нашата земја.

И на крајот, но не како помалку важно, прашуваме уште колку месеци ќе поминат за да биде свикан Економско-социјалниот совет на национално ниво, чиј претседател по функција е министерот за труд и социјална политика???

П.С Загрижени сме дека ваквото однесување со ЕСС многу потсетува на времето пред 10 години!!!

---

# СОНК БАРА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ

**ОДРЖАНА 12-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА СОНК**

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, (највисок орган на

одлучување помеѓу два конгреса), на 09.06.2018 година ја одржа својата 12-та редовна седница.

На оваа седница беа разгледани состојбите во дејностите: детска заштита, основно, средно и високо образование, наука и култура. Врз основа на исцрпната расправа Советот едногласно ги донесе следниве Заклучоци.

---

# СОНК НА ПРВИОТ РАБОТЕН СОСТАНОК СО ПАРТНЕРИТЕ – УЧЕСНИЦИ ВО ERASMUS+ ПРОЕКТОТ YOUWELL

На 01.03.2023 година, во Софија, во рамките на Erasmus+ проектот: Sustaining Young Teachers’ Wellbeing at School – YouWell, кој е финансиран од Европската унија, се одржа првиот работен состанок на сите партнери учесници во проектот.



Домаќин на состанокот беше Синдикатот за образование од Република Бугарија –  Подкрепа, а освен СОНК, присутни беа и Младинскиот центар за култура од Целје – Република Словенија, Тренинг центарот за обука од Брисел – Белгија и Националното училиште за менаџмент од Софија – Република Бугарија.






На работниот состанок, најнапред беа презентирани главните елементи на проектот: целите,  резултатите и временската рамка, потоа секој партнер накратко ја презентираше својата организација, но и мотивацијата да се приклучи на проектот, а се презентираа и главните активности и конкретни чекори што треба да се следат за реализација на проектот во наредните 20 месеци.






# СОВЕТОТ НА СОНК СО ЗАКЛУЧОЦИ ИМ ПОСАКА ДОБРЕДОЈДЕ НА НОВОИЗБРАНИТЕ МИНИСТРИ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК на 18.01.2022 година ја одржа својата 1-ва седница. На дневниот ред, покрај конституирање на новото раководство, се дискутираше и за повеќе актуелни состојби во дејностите што ги застапува СОНК.

На седницата беа отворени многу теми поврзани со продолжување на социјалниот дијалог со социјалните партнери, како и изнаоѓање на заеднички решенија по однос на отворените прашања во сите дејности: детска заштита, основно, средно и високо образование, наука и култура. Главен акцент беше ставен на големото незадоволство заради стагнација на платите во однос на големиот раст на цените за животните трошоци и опаѓање на животниот стандард.

По опширната дискусија, Советот на СОНК со заеднички став одлучи да се донесат Заклучоци, кои ќе бидат испратени до сите министри односно до МОН, МТСП и Министерството за култура.

Советот на СОНК едногласно ги донесе следните Заклучоци.

# КАКО СЕ ВОВЕДУВА ПРИНУДНА

# УПРАВА СО ДЕКРЕТ

## ИТНО ПОВЛЕЧЕТЕ ГО СКАНДАЛОЗНИОТ ,,ДОКУМЕНТ“

### РЕАКЦИЈА И БАРАЊЕ НА СОНК ПОСЛЕ ИЗВЕСТУВАЊЕТО ДО ДИРЕКТОРИТЕ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

**Предмет**: Неодложно и итно повлекување на Известување од МТСП до директорите на детските градинки

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија – СОНК од Министерот за труд и социјална политика Фросина Ременски, БАРА НЕОДЛОЖНО И ИТНО ДА ГО ПОВЛЕЧЕ ИЗВЕСТУВАЊЕТО од МТСП од 21-11-2016 година, доставено до директорите на Јавните установи за деца-детските градинки.

Со споменатото Известување, кое по ниеден основ не може да се класифицира како документ кој може да излезе од било кој државен орган, а најмалку од Министерство, а тоа од следните причини:

– ,, документот,, ниту има деловоден број, ниту има потпис и заверка на истиот од овластен претставник од Министерството;

– Наведени се како потписници лица со функција-инспектори за надзор на дејноста заштита на деца, кои со ништо немаат овластување да издаваат документи со извршна наредба до директори на јавни установи и кои се под надлежност на единиците на локалната самоуправа;

– Со ,, документот,, грубо го кршат Законот за заштита на деца и особено член 67, ставот 2 и ставот 3 ( Сл.Весник 27/16) ; Правилникот за изменување на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите

за деца бр 11- 1446/2 од 21-02-2014 година( Сл. Весник на Р.М. бр.40 од 25-02-2014 година); Колективниот договор за детска заштита .

СОНК е вчудоневиден од леснотијата со која МТСП и особено најодговорните во овој државен ресор дозволиле, да излезе во нивно име, ваков небулозен документ со кој се направени повеќе тешки законски повреди, со голема веројатност и кривични дела, а исто така нанесена е и непоправлива штета врз работата на детските градинки и кај сите вработени во истите и посебно врз родителите на децата кои се згрижени во овие установи.

Од тие причини СОНК бара, согласно позитивните закони во нашата држава, да биде утврдена поединечната одговорноста на сите инволвирани во овој тежок скандал, особено ако се има во предвид дека станува збор за ресорно Министерство кое е најодговорно во делот на спроведување на законите во установите и претпријатијата. Вакви ,, друмски документи,, беа одлика на едно време , кое е завршено пред повеќе од еден век. И овој непобитен факт дополнително фрла невиден страм, кој мора да биде казнет.

СОНК од Владата на Република Македонија, која напоменуваме дека веќе е писмено известена, бара итно превземање на соодветни мерки според надлежностите што ги има согласно законите на државата.

Од Министерот за труд и социјална политика Фросина Ременски и од дополнителниот заменик министер Диме Спасов , бара итно да ја утврдат одговорноста на авторите на споменатиот документ и да покренат соодветни постапки согласно законите на нашата држава.

СОНК укажува дека, доколку веднаш не биде поништен овој скандалозен документ, итно и неодложно ќе ги преземе сите легални и легитимни средства, влучително и протест пред МТСП, како и организирање на штрајк во детските градинки, со солидарна помош на сите установи во делот на образованието,

согласно Законот за работни односи.

Прилог : ,, документот,, Известување од МТСП

---

# Регионалниот одбор на СОНК-Кавадарци со порака „Силата на синдикатот е во синдикалното единство“

На 03.02.2022 година се одржа првата конститутивна седница на Регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци, која беше водена од новиот претседател, Милан Колев.

Покрај формирањето на новото раководство на Регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци, на седницата беше избрана и трочлена комисија на Надзорниот одбор и нивни заменици, како и член на Синдикалниот фонд. На состанокот, на кој присуствуваа сите 26 старо/ново избрани претседатели на синдикални организации, беа искажани проблеми и беа отворени прашања од дејностите што ги застапува СОНК. Главен акцент беше ставен на зголемување на платите и усогласување на истите со минимална плата на национално ниво.

На состанокот присуствуваше и претседателот на СОНК, Јаким Неделков, кој даде безрезервна поддршка за сите активности кои се планирани на ниво на Регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци, но и насоки за подигнување на синдикалната свест и синдикалното единство на  членството.

За Регионалниот одбор, периодот што следи ќе биде период на многу промени, активности, семинари, едукативни работилници,

како и соработка со институции на локално ниво, па од тие причини, претседателот на Регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци побара од членовите поддршка за реализирање на планираните програмски активности.

---

# Потпишани Записници за трансформација на работен однос во Регион Гази Баба

Од почетокот на 2022 година, претседателот на Регионалниот одбор  на СОНК – Гази Баба, како член на Комисијата за трансформација на работни договори од определено на неопределено време, во основните училишта од неколку општини во Регион Гази Баба, има потпишано повеќе Записници за трансформација на работен однос. Комисијата за транформација, кадешто се одлучува по поднесените барања за трансформирање на работни договори, работи континуирано  во општините Гази Баба, Петровец, Арачиново и Илинден. Според регионалниот претседател, решавањето на работниот статус на наставниците води кон задоволен наставен кадар и успешен образовен процес.

---

# ОДРЖАН VII-от КОНГРЕС НА СОНК

ЈАКИМ НЕДЕЛКОВ – РЕИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОНК

Во текот на вчерашниот ден, 13.10.2021 година, во исклучително

пријатна и работна атмосфера се одржа VII-от Конгрес на СОНК.

На Конгресот, согласно Одлуката за бројот и составот на делегати, од вкупно 119 беа присутни 115 делегати од сите дејности што ги застапува СОНК. Секако, на Конгресот присуствуваа делегации од социјалните партнери и соработници на СОНК, како и делегации од земјите од странство поточно синдикати од образование, со кои нашиот синдикат има долгогодишна синдикална соработка.

Согласно Дневниот ред, Делегатите на VII-от Конгрес едногласно ги усвоија следните документи:

-Извештај за работата на СОНК во мандатен период од декември 2015 до октомври 2021 година;

-Програма за работа на СОНК за мандатен период октомври 2021 – октомври 2026 година;

-Статут на СОНК;

-Резолуција за усогласување на платите на вработените во детските градинки, основното и средното образование со Законот за минимална плата; -Резолуција за заштита на претседателите на синдикалните организации на СОНК; -Резолуција за исплата на целосна плата на заболени и во изолација од пандемија; -Резолуција за почитување на Законот за работни односи во делот на примена на гранските (посебните) колективни договори.



По усвојување на документите, Делегатите на VII-от Конгрес го реизбраа Јаким Неделков за претседател на СОНК и му дадоа доверба да го води СОНК во наредните 5 години.

# СОВЕТОТ НА СОНК ДОНЕСЕ ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РЕФОРМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ

**ОДРЖАНА 24-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК**

На 12-01-2021 година Советот на СОНК, во проширен состав, on-line ја одржа својата 24-та редовна седница, на која што беа разгледани повеќе прашања за актуелни состојби во детските градинки, основното, средното, високото образование и наука, како и културата.

Како дел од активностите на СОНК, кои беа предмет на расправа во синдикалните организации на СОНК во основните училишта, секако и како една од актуелните теми беше Нацрт-Концептот за реформи во основното образование. Советот на СОНК, по опширната расправа темелејќи ја на доставените записници од синдикалните организации, констатира дека СОНК ја поздравува иницијативата за реформирање на образованието и смета дека истата е неопходна, но избрзана, без создавање на неопходни услови за непречено одвивање на истата, без претходно отстранување на слабостите за нејзино успешно реализирање и со многу неодговорени прашања и детали во самиот документ Нацрт-Концепт за реформи во основното образование.

Од погоре наведените причини, Советот на СОНК донесе заклучок, во интерес на поуспешно реформирање на основното образование, дека треба оваа иницијатива да се одложи или да се спроведат пилот училишта во кои би се отпочнала истата и врз основа на резултатите во тие училишта да се детектираат и отстранат евентуалните слабости, да се констатираат добрите страни, а потоа да се преземат чекори за спроведување на реформите.

На оваа седница Советот на СОНК го отвори и прашањето околу

веќе објавениот јавен повик за кариерен развој на наставниците во основно образование, поточно за наставници ментори. И по однос на ова прашање, членовите на Советот на СОНК го поздравуваат овој чекор на МОН, што впрочем е и заложба на СОНК уште со потпишаните колективни договори во кои се предвидени напредувања на наставниот кадар, но смета дека е избрзан чекор, без доволен временски период за аплицирање, дискриминаторски во однос на наставниците во средното образование. Исто така, спротивен на Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценување на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите.

Советот на СОНК, по однос на овие две многу важни прашања, донесе заклучок дека истите треба да се преточат во документ, кој ќе биде доставен до министерот за образование, а во исто време да се побара и работна средба, на која ќе се пренесат ставовите на СОНК.

Дел од членовите на Советот го отворија и прашањето за зголемување на работното време на воспитувачите и негувателите во некои градинки односно работно време во група со деца. Заклучокот беше дека треба што поскоро да се искористат правните механизми за одбрана на правата на работниците.

Советот на СОНК беше информиран од страна на претседателот дека Колективниот договор за високо образование и наука е во завршна фаза на изработка и се очекува истиот да биде потпишан во најскоро време.

Заклучоците кои се испратени до МОН може да ги погледнете тука.